Center for Economic Analyses
PR cell phone: +389 (0)70 584-104
Email: ilina.ristoska@gmail.com or
vesnaxxx@excite.com
www.cea.org.mk
www.lsg-data.org.mk

*Центарот за Економски Анализи (ЦЕА) е "think tank" на економисти кои ја делат заедничката визија за Република Македонија како нова растечка Европска економија интегрирана во регионалниот и светскиот Пазар.*

*Мисијата на ЦЕА е континуирано да врши истрадувања за економскиот развој и економската политика на Република Македонија и врз основа на тоа да понуди препораки, предлози и мерки каде што смета дека е соодветно.*

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

## ЦЕА го финализира извештајот за Стопанската комора

Центарот за економски анализи-ЦЕА врз основа на склучениот договор со Стопанската комора на Република Македонија изготви прв драфт на интервентни мерки за поттикнување на извозот и намалување на трговскиот дефицит, кој беше доставен до Стопанската комора на 10 ноември 2005 година.

На 13 декември 2005 година, се одржа управен одбор на Стопанската комора, каде членовите на управниот одбор ги разгледаа предложените интервентни мерки и дадоа предлози за нивно подобрување.

ЦЕА ги зема во предвид корисните сугестии за подобрување на квалитетот на материјалот и го денес го достави финалниот извештај до Стопанската комора.

Методолошки факти од кои ЦЕА се раководеше во текот на изработката на овој проект беа:

1. Го користевме функционалниот пристап кон дефинирање на интервентни мерки онака како што се под ингеренција на соодветното министерство при владата на Република Македонија.

2. При тоа се користевме со сознанија од повеќе други проекти на кои работат наши членови во делот на идентификување на потешкотиите со кои се соочуваат бизнисите.

3. За квантитативна анализа се служевме со официјални статистики.

4. Овие предложени мерки не се и не можат да бидат замена за системски пристап кон решавање на проблемот со слабиот извоз на Република Македонија и

воопшто нискиот економски раст и може да послужат само за ублажување на последиците од акумулираните проблеми.

5. Мерките може да дадат резултат под претпоставка на ефикасно работење на регулаторот-државата и нејзините органи и институции и при почитување на процедурите од страна на компаниите.

6. Во основа, при предлагање на даночните мерки се раководевме од принципот на зголемување на ликвидноста на бизнисите и подобрување на состојбата со нивните готовински текови, како предуслов за подобрување на финансиското работење чија главна цел би била зголемување на учеството на странскиот пазар т.е. зголемување на извозот.

7. Се раководевме и од принципот на:

- конзистентност со макроекономската стратегија изработена од владата на Република Македонија,
- обврските кон меѓународните организации (ММФ, Светска банка, СТО, Европска Унија) кои Република Македонија ги има превземено и ќе ги превземе во иднина,
- интервентните мерки, кои не се системски, квалитативно и квантитативно ги анализиравме од аспект на можна неутралност кон централниот буџет (во кост бенефит рамка) или кои нема да имаат посериозни последици за централниот буџет на Република Македонија.